Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на ден од дневни настани 27.10.2024

Денеска (27.10.2024) во 00.50 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Н.(21) од Велес, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (27.10.2024) во 02.20 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Р.(32) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.10.2024 во 14.20 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Т.(24) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.10.2024 во 15.30 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.Ч.(31) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.10.2024 во 20.40 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода М.Ј.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.10.2024 во 19.50 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Х.Б.(31) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.10.2024 во 11.30 часот во Скопје, на подрачјето на Шуто Оризари, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Г.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.10.2024 во 19 часот во СВР Скопје, било пријавено дека на крстосницата од регионалниот пат Скопје-ХЕЦ Козјак со ул.„Т" во С.Батинци, скопско, патничко возило „Фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.С.(33) од С.Цветово,скопско, удрило во пешачот Ф.И.(83) од С.Батинци,скопско. Во несреќата од здобивените повреди починал Ф.И., а од страна на лекар од Итната медицинска помош била констатирана смрт. По наредба на јавен обвинител, телото на починатиот е дадено на обдукција. Со телесни повреди се здобил возачот А.С., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" во Скопје. Извршен бил увид од јавен обвинител и увидна екипа од СВР Скопје.

На 26.10.2024 во 16.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од бул. „Борис Трајковски", ул.„Иван Козарев" и ул.„Есенинова" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фиат" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.С. (52) од Скопје и мотоцикл „хонда" со скопски регистарски ознаки, управуван од И.К.(44) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 26.10.2024 во 15.00 часот во СВР Скопје, било пријавено дека на кружниот тек од ул. „Александар Ударевски" и ул.„Боја Иванова" во Скопје, З.А.(71) од Скопје, додека се превезувала како патник во автобус на ЈСП, управуван од Г.С.(55) од Скопје, паднала во автобусот и се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 26.10.2024 во 16.00 часот во СВР Скопје, било пријавено дека на крстосницата од ул. „Јужновардарски бригади" и ул.„Грешко Пужалка" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген" со скопски регистарски ознаки, управувано од Е.И. (20) од Скопје и мотоцикл со скопски регистарски ознаки, управуван од М.М.(24) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатиран во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 26.10.2024 во 08.30 часот во СВР Куманово, било пријавено дека на крстосницата од ул. „Народна револуција" и ул.„Салтир Наумов" во Куманово, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „лево" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ф.А.(42) од Скопје и мотоцикл „ајдара" со кумановски регистарски ознаки, управуван од С.П.(52) од Куманово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мотедот, констатиран во Општата болница во Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 25.10.2024 во 00.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Индира Ганди" во Скопје патничко возило „мини купер" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Х.(19) од Скопје, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, а со телесни повреди се здобилне малолетна сопатничка, К.А.(21) од Скопје и уште двајца малолетни сопатници, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 26.10.2024 од отворено одделение Велес при Казнено поправна установа Затвор-Идризово, било пријавено дека околу 17 часот при прегледа на А.С.(34) од Велес, осуден лице кое издржувало мерка во установата, било пронајдени дигитална шара, пакување со жолта прашкаста материја и два мобилни телефони, кои од страна на полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога при СВР Велес биле одземени. Од страна на полициски службеници од затворска полиција, А.С. бил спроведен во Казнено поправна установа Затвор-Идризово за донадржување на казната. Известен бил јавен обвинител и по документираше на настанот против А.С. ќе биде поднесена кривична пријава за „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори", казниво по чл. 215 од КЗ.

На 26.10.2024 во 11.30 часот во Полициска станица Велес Ј.Н.(31) од Велес пријавила дека на улица „Архиепископ Михаил" во Велес, била касната од куче скитник.

На 26.10.2024 во 13.00 часот во Казнено поправната установа Затвор Битола кај осуденикот Ш.А.(37) од Битола била пронајдена марихуана, грутчеста материја, јоко и шише со непозната течност. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.10.2024 полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Д.Р.(49) од Битола, затоа што при претрес во неговиот дом и помошни простории, извршен со судска наредба, биле пронајдени марихуана и прашкаста материја. Д.Р. бил задржан во полициска станица и по документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.10.2024 во СВР Велес било пријавено дека околу 01.45 часот на регионалниот пат село Тевово-селе Гопе, општина Чашка, патничко возило „фолксваген поло" со прилепски регистарски ознаки, управувано од С.С.(31) од село Пешталево, општина Долнени, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, а со телесни повреди се здобила малолетна сопатничка, констатирани во болницата во Прилеп. По овластување на јавен обвинител од Велес, увид на местото извршила увидна екипа од СВР Велес.

На 26.10.2024 во 10.15 часот во ОВР Неготино било пријавено дека на улица „Гоце Делчев" во Неготино, патничко возило „тојота" со неготински регистарски ознаки, управувано од М.К. (68) од Неготино, удрило во 77-годишната Л.М. од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Л.М., констатирани во болницата во Велес. По овластување на јавен обвинител од Кавадарци, увид извршила увидна екипа од ОВР Неготино.

На 26.10.2024 во времето од 10.00 до 14.00 часот полициски службеници од ОВРРесен при СВР Битола при presemajne на мерки и активности за спречување на питачење на подрачјето на Ресен, во с.Јаниковец, ресенско, ги затекнале А.Д.(48), В.Д.(44) и М.Д.(43), сите од Прилеп, при питачење. По документирање на настанот, ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 26.10.2024 во СВР Битола Д.П.(55) од Битола пријавил дека во дом на ул.„Цветан Димов" во Битола починала Е.К.(88) од Северна Ирска, со престој во Битола. Смрт без траги на насилство констатирал доктор од Итна медицинска помош Битола, а по наредба на јавен обвинител телото е предадено за обдукција. Увидот извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 26.10.2024 во 10.19 часот во СВР Битола било пријавено дека на патиот правец Битола-Ресен, кај место викано Превалец, се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотошкут со битолски регистарски ознаки, управуван од В.П.(43) од Битола, и патничко моторно возило „фолксфаген" со битолски регистарски ознаки, управуван од Т.Р.(55) од с.Лера,битолско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил В.П., констатиран од доктор на Клиничка болница Битола. Увидот го извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 27.10.2024 во 03.30 часот во Струмица полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода М.Х.(18) од Струмица. Тој се сомневи дека околу 03.00 часот во Струмица го нападнал со остар предмет ѓ.ѓ.(18) од Радовиш, нанесувајќи му повреда. ѓ.ѓ. бил пренесен во Медицински центар Струмица, а за настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица. М.Х. бил задржан во Полициската станица Струмица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Струмица поднесе кривична пријава против Б.А.(47) од струшкото село Делогожда, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „Бесправно градење". Приграничот, на градежно земјиште на улицата „Туристичка" во Струга, спротиво на Законот за градење, изградил објект за домување. Инспекциски надзор извршила и градежна инспекција при општина Струга која констатирала кршење на законските одредби.

На 25.10.2024 во 14.10 часот во СВР Скопје, било пријавено дека на крстосницата од ул. „Козјак" со ул.„Леринска" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фиат" со скопски регистарски ознаки, управувано од И.К.(73) од Скопје и патничко возило „дачија" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Ј.(71) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Т.Т.(73) од Скопје, која била пешак на местото на настанот, а со телесни повреди се здобилне возачот на патничкото возило „фиат" и неговата сопатничка С.Б.(72) од Скопје, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Возачот М.Ј. се здобил со телесни повреди констатирани во Градската општа болница „8-ми Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Денеска (27.10.2024) во 02.40 часот во СВР Скопје И.Н.(57) од Скопје пријавил дека на 25 и 26.10.2024 на подрачјето на Карпош и Центар неговиот малолетен син бил физички нападнат од Х.Р. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (27.10.2024) во 00.15 часот во СВР Скопје Д.Т.(18) од с.Петровец, скопско, пријавил дека на 26.10.2024 околу 23.30 часот пред казино во селото бил физички нападнат од Б.Ц. од с.Ржанчино-скопско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.10.2024 во 22.15 часот во СВР Скопје Г.С.(49) од Скопје пријавил дека околу 20.30 часот на подрачјето на Центар неговиот малолетен син бил физички нападнат од А.П. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.10.2024 во 09.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на општина Аеродром бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу В.А.(31) и Д.Д.(41), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.10.2024 во 22.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во изнајмена соба на подрачјето на Кисела Вода, П.А.(27) од Гана извршил обљубА врз неговата 32- годишна партнерка од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во СВР Скопје било пријавено дека на 24.10.2024 на подрачјето на Ѓорче Петров Ц.У.(54) од Скопје бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.10.2024 во 07.10 часот во ОВР Крива Паланка, било пријавено дека во с.Мождивањ, маала „Чиволк"-Крива Паланка, настанал пожар во патничко возило „лево" со кривопалаченски регистарски ознаки, сопственост на М.М.(43) од истото село, а кое било паркирано во неговиот двор. Пожарот е локализиран од Територијална противпожарна единица-Крива Паланка. Повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Крива Паланка.

На 26.10.2024 во 14.30 часот во СВР Штип, А.Р.(73) од Штип пријавил дека во Штип едно лице со употреба на сила му го одзело мобилниот телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.10.2024 во 17.40 часот полициски службеници ги лишиле од слобода П.Л.(40), Т.Б. (42) и М.Ј.(32) сите од Свети Николе, по претходна пријава дека во с.Пуздерци,пробиштипско, во дворот на семејната куќа на Е.Е.(51), физички го нападнале, а при тоа употребиле и тврди предмети. Потоа дополнително му се заканувале, при што П.Л. извадил пиштол, за кој подоцна било констатирано дека бил пластичен. Известен бил јавен обвинител и по целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.З.(40) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 01.07.2024 во Тетово, по претходна расправија, пријавеникот со уште неколку лица физички ги нападнале А.З., О.З. и К.З..

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Т.Т.(61) од тетовско поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка повреда" во врска со сомнено насилство. На 17.07.2024, пријавеникот физички ја нападнал неговата керка.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Б.С.(37) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка повреда". На 16.09.2024 во Кочани, пријавеникот физички ја нападнал М.В. и нејзиниот сопруг.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против малолетник од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 26.09.2024 во основно училиште во Тетово, пријавеникот, по претходна расправија, физички нападнал негов соученик.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Н.В.(52) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „загрозување со опасно оружје при тепачка и караница" и „загрозување на сигурноста". На 09.08.2024, пријавеникот агресивно се однесувал кон Х.В. и неговиот брат, при што со пиштол го оштетил нивното патничко возило „фолксваген голф".

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.С.(19) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење на работи од безбедноста". На 14.10.2024 во С.Марјино, скопско, пријавеникот физички нападнал полициски службеници кои вршеле службени дејствија.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.М.(40), И.Ф.(33) и А.К.(35), сите од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „загрозување на сигурноста" и „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 24.09.2024 во Тетово, прворпријавениот упатувал закани на полициски службеници, а при обид да го лишат од слобода, второ и третопријавените физички ги нападнале полициските службеници.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против правно лице од Гостивар и З.А.(44) од с.Баланци, управител на приграничот правен субјект, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „повреда на право од пријавен или заштитен производ и топографија на интегрални кола". На 04.11.2023, при контрола во приграничот правен субјект, биле затекнати 26 вработени и одговорникот С.А., при што било констатирано дека компјутерите не поседуваат налепници за лиценцирани софтвер.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Сајт е изработен согласно барањата на Законот за електронска управа и е во сопственост на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Сајтот е усогласен со барањата на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги
Сајтот е усогласен со барањата на Законот за заштита на лица кои пријавуваат корупција
Сајтот е усогласен со барањата на Законот за заштита на лица со пречки во движењето
Сајтот е усогласен со барањата на Законот за пристапност на лица со пречки во гледањето и слухот
Сајтот е усогласен со барањата на Законот за заштита на лица со пречки во развојот на интелектуалните способности

Сервер: Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Адреса: Ул. „Даме Мирчев" бр. 9, 1000 Скопје
Тел: +389 (0)2 3 117 222 Факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од: Унет